# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 2** |
| | **год. 24** |

**Општина Чучер - Сандево, февруари 2021 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| **Излегува** | **Петок** | **Бр. 2** |
|---|---|---|
| **по потреба** | **26 февруари 2021 година** | **Год. 24** |


7.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за заштита и спасување за 2021 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **41-та** седница, одржана на **26 февруари 2021** година.

**Бр.09-284/1** **Општина Чучер-Сандево**
**26.02.2021 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 1 став 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 9 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Советот на Општина Чучер-Сандево на **41-та** седница одржана на ден **26.02.2021** година, донесува

**ПРОГРАМА**
**за заштита и спасување за 2021 година**

**1.ВОВЕД**

Заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира и спроведување на едукативни активности и превземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи, кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјални штети.

За организирање на заштитата и спасувањето, особено внимание се посветува на :

-навремена идентификација и процена на веројатноста и интезитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра,

-нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните и

-рационалност и ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите.

**2. ЦЕЛИ**

Целта на оваа програма е преку обуки да се создадат човечки ресурси кои би делувале во случај на непогода.

Целта ќе се постигне преку обезбедување на предуслови за беспрекорно делување на силите со континуирано оспособување за заштита и спасување во образовните институции.

**3. АКТИВНОСТИ**

Од урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки за заштита и спасување за 2021 година, предвидени се следните активности:

-**заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи** и

- **евакуација и згрижување**.

Општина Чучер -Сандево преку оваа Програма за 2021 година ќе допринесе за непречено справување со пожар на отворено и подготвеноста на силите на училиштата и учениците да биде на повисоко ниво.

Активност 1

Делување на сили за гаснење на пожари (по потреба)

Потребни средства.......................................................................... 5.000,00 денари

Силите кои се обучени и лицето за заштита и спасување, во случај на потреба ќе бидат ангажирани, првично до пристигнување на противпожарните екипи на Град Скопје, како и се до престанување на опасноста.

Активност 2

Тренинг на силите во основните училишта со вклучување на учениците на вежба со поставено сценарио

Потребни средства..........................................................................10.000,00 денари

Активноста ќе се спроведе во соработка со Дирекција за заштита и спасување/Центарот за обуки и Црвен Крст на РСМ и слични субјекти за кои ќе се процени дека се потребни.

Тековно во 2021 година, се спроведуваат дополнителни информативни и промотивни активности за подигање на јавната свест за заштита од пожари, во соработка со ДЗС, ЦУК, ТППЕ и слични субјекти кои работат на оваа проблематика.

**4. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите од обласа на заштита и спасување, ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2021 година.

**Бр.08-238/3**
**26.02.2021 година**
**Чучер -Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Претседател**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 8.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “СКОПСКА ЦРНА ГОРА” за 2021 година

Се објавува **Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” за 2021 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **41-та** седница, одржана на **26 февруари 2021** година

**Бр.09-284/2**
**26.02.2021 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **41-та** седница одржана на **26.02.2021** година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “СКОПСКА ЦРНА ГОРА” за 2021 година

**Член 1**

Се дава согласност на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” за 2021 година број 01-23/1 од 14.01.2021 година,

усвоена од Управниот одбор на ЈКП "Скопска Црна Гора" со Одлука бр.02-30/8 од 01.02.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гасник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-238/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**26.02.2021 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**7. Програма за заштита и спасување за 2021 годиан........................................................ ............................................... 1**

**8. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора“ за 2021 година ................................................................ 3**